# СООПШТЕНИЕ ЗА ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИ И УПИС НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ЗА II ЦИКЛУС НА СТУДИИ ЗА ТЕКОВНИ СТУДЕНТИ НА ФИНКИ

**Заверката** на **зимскиот** и **уписот** на **летниот** семестар во учебната **2019/2020** за студентите од **II циклус на студии – магистерски студии** ќе се врши од

**2.3.2020** до **6.3.2020** година

од **09:00** до **15:00 ч** на шалтерот на Студентската служба на ФИНКИ во зградата на ТМФ.

**<u>Потребни документи за запишување на летниот семетар:</u>**

**За СИТЕ студенти на втор циклус:**

1. **Индекс**
2. **Образец за заверување на семестар**
3. **Образец за запишување семестар**
4. **Интерен пријавен лист** (**линк**) (само за студентите кои запишуваат предмети)
5. **Уплатница** за следната рата од школарината, согласно договорот за студирање

**За студенти кои преслушуваат предмет (**односно заклучно со февруарски испитен рок не ги положиле предметите од летниот семестар од учебната 2018/19 година**) дополнително се потребни:**

6. **Уплатница** (во вредност на кредитите што ги носат предметите кои се преслушуваат според студиската програма)

цена на чинење на 1 кредит = 1/60 од вредноста на студиската програма за едногодишните, односно 1/120 за двогодишните студиски програми.

Уплатата се врши во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на уплатата

***<u>НАПОМЕНА:</u>***

**За задоцнет упис на семестар до 30 дена студентите плаќаат 500,00ден. казна на факултетската жиро с-ка.**